Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 22 септември 2020 година

Скопје, септември 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 септември 2020 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше м-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за образование и наука д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

Од седницата отсуствуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

# ДНЕВЕН РЕД

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 3-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 септември 2020 година

- Усвојување на Записникот од 4-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2020 година

1. Предлог - кодекс за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата

2. Записник од Третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 септември 2020 година

3. Информација за изградба на железничката пруга Кичево – граница со Р. Албанија во две фази

4. Информација за одобрување на апликации за тековни проекти на ЈП Железници на Република Северна Македонија Инфраструктура - Скопје за финансирање преку грантови за техничка помош на WBIF

5. Годишна сметка за 2016 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен “ - Скопје и Годишен извештај за работењето во 2016 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен “ - Скопје, со Извештај на независниот ревизор, со предлог - одлуки

6. Годишна сметка за 2017 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје и Годишен извештај за работењето во 2017 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, со Извештај на независниот ревизор, со предлог - одлуки

7. Предлог - одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (КО Кочани)

8. Информација за барањето од Друштвото „Унимеркант – Кетеринг“ ДООЕЛ, увоз – извоз Скопје за одобрување ослободување од плаќање закупнина

9. Барање за користење на дополнителни средства/субвенции на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ, Скопје за 2020 година

10. Предлог - одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за здравство

11. Предлог - одлука за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на Основен суд Кавадарци (разна стока)

12. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија)

13. Барање за давање согласност за спроведување постапка за продажба на движни ствари (три патнички моторни возила), со Предлог - одлука (ЈЗУ Општа болница Охрид)

14. Барање за донесување на одлука за престанување на времено користење на недвижни ствари и за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани без надоместок, со Предлог - одлука

15. Барање за донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука (Општина Кочани)

16. Предлог - закон за општа безбедност на производите

17. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба

18. Предлог - уредба за изменување дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година

19. Информација за состојба на откупот на грозје од реколта 2020 година, со предлог мерки

20. Информација за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за вршење на стопански риболов на риболовни зони, со предлог - одлуки

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Долно Соње, Општина Сопиште, со Предлог - одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Д3-спорт и рекреација, КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог - одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Таор, Општина Зелениково, со Предлог - одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Морани, Општина Студеничани, со Предлог - одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с. Псача - Дикина маала - Радуев рид, КО Псача и КО Петралица, Општина Ранковце, со Предлог - одлука

26. Информација за подготовка на десеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, што ќе се одржи на 8 октомври 2020 година преку видеоконференциска врска

27. Информација за подготовката на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 6 октомври 2020 година

28. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот април-јуни 2020 година

29. Предлог - уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2021 година

30. Информација за исплата на пензии, за септември 2020 година

31. Информација за исплата на парични права од социјална заштита, за септември 2020 година

32. Информација со Акциски план со дефинирани активности и рокови за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерство за труд и социјална политика сметка на основен буџет (637)

33. Извештај за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2019 година

34. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1 јануари до 30 јуни 2020 година

35. Годишен извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2019 година

36. Годишна програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2020 година, Извештај за реализирани активности за 2019 година и Финансиски извештај за 2019 година

37. Иницијатива од Благој К. Јованов адвокат од Кочани, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.43/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 22-б и 27-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр.68/2004, 23/2006, 127/2006, 64/2008, 114/2009, 50/2010, 83/2010, 140/2010, 152/2010, 17/2014, 112/2014, 166/2014, 20/2015, 44/2015, 97/2015, 124/2015, 129/2015, 193/2015, 37/2016, 71/2016, 64/2018, 140/2018, 163/2018 и 275/2019)

38. Иницијатива од Тања Каракамишева од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.162/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2019).

39. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.209/2020 од 8.7.2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба, 44-5217/1 од 9 јуни 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/2020)

40. Статутарна одлука за изменување на член 39 од Статутот на Интернационалниот универзитет „Еуропа Прима"

41. Понуда од нотар Виолета Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.649 за КО Горно Оризари на КП бр.856 дел 1 викано место/улица Село

42. Понуда од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.57354 за КО Ресен на КП бр.4571 дел 2 викано место/улица Д. Влахов и Имотен лист бр.56926 на КП бр.4571 дел 2 викано место/улица Д. Влахов

43. Известување од извршител Андреја Буневски од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба доставен под И бр.627/2019, која ќе се одржи на 23 септември 2020 година, за КО Долно Лисиче - Вонград

44. Кадровски прашања

45. Прашања и предлози

46. Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“ АД Скопје

47. Годишен извештај за спроведувањето на Акциониот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за 2018 година

48. Предлог-закон за дополнување на Законот за студентскиот стандард, по скратена постапка

49. Предлог-закон за дополнување на Законот за ученичкиот стандард, по скратена постапка

50. Предлог-закон за изменување на Законот за научно-истражувачка дејност

51. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

52. Информација за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надоместок на органи на државната управа во сопственост на Република Северна Македонија

53. Информација за добивање на согласност за доделување на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Државниот инспекторат за животна средина во сопственост на Република Северна Македонија

54. Информација за издавање Егзекватура за Генерален конзул на Република Косово во Република Северна Македонија со седиште во Струга

55. Извештај за работата на Комисијата за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство, за период од 2.09.2020 година до 14.09.2020 година

*

*    *

**Владата без забелешки ги усвои Записникот од 3-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 септември 2020 година и Записникот од 4-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2020 година**

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата и го утврди со следните заклучоци:

1. Во Делот Презентација на политики, членот 16 да се усогласи согласно укажувањата изнесени во расправата на седницата.

2. Во Делот Примање на подароци во членот 17, во ставот 3, по зборовите „странски држави“ да се додадат зборовите „и странски организации“.

3. Во Делот Патувања, ставот 5 да се измени во смисла, покрај настани од дипломатски или протоколарен карактер, да не се ограничува и патување и сместување, кога се работи за учество на службени настани, состаноци и конференции по покана.

**Точка 2**

Владата го разгледа Записникот од Третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 септември 2020 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 септември 2020 година.

2. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за отпочнување со работа на едукативните центри, музички училишта и центри/училишта за странски јазици во услови на епидемија со COVID-19, со задолжително почитување на Протоколот за работа на едукативните центри, музички училишта и центри/училишта за странски јазици во услови на епидемија со COVID-19 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со дополнување во однос на ограничување на задржување на децата до најмногу до 2 часа и бројно ограничување на присутни деца на не повеќе од 6 лица во една група.

3. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за отпочнување со работа на природните лекувалишта во услови на пандемија со COVID-19, со задолжително почитување на Протоколот за работа на

природните лекувалишта во услови на пандемија со COVID-19 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

4. По повод претстојната „Бела ноќ“ која се организира и одржува секоја година со посети на различни локации и настани, Владата во функција на заштита на јавното здравје и спречување од ширење на Коронавирусот COVID-19, а имајќи ја предвид епидемиолошката состојба, заклучи сите културни и уметнички настани да се организираат и одржуваат со задолжително почитување и спроведување на одлуките, мерките, препораките и протоколите донесени од Владата, а угостителските објекти да работат во утврденото законско работно време (не цела ноќ) за дејноста која ја извршуваат.

За оваа цел, Владата ги задолжи сите надлежни инспекциски служби, во наредниот период да ги зајакнат и интензивираат контролите во рамките на своите надлежности, со цел почитување и спроведување на одлуките, мерките, препораките и протоколите на Владата, во функција на спречување на ширењето на Коронавирусот и заштита на јавното здравје.

<u>Точка 3</u>

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на железничката пруга Кичево – граница со Република Албанија во две фази и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија ја разгледа и усвои Информацијата за изградба на железничката пруга Кичево – граница со Република Албанија во две фази.

2. Се задолжува Министерството за финансии да достави Барање за изразување на интерес до меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори за обезбедување на финансиски средства во износ од 426 милиони евра за финансирање на проектот „Изградба на железничка пруга Кичево – граница со Република Албанија, прва фаза делница Кичево – Струга“, како и грант средства за техничка помош на овој проект.

<u>Точка 4</u>

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на апликациите за тековни проекти на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје за финансирање преку грантови за техничка помош на WBIF и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја одобри апликацијата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје за финансирање преку грант за техничка помош на WBIF за тековниот проект „Вршење надзор на градежните работи за реконструкција на пругата Куманово - Бељаковце од железничкиот Коридор 8“.

2. Ја одобри апликацијата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје за финансирање преку грант за техничка помош на WBIF за тековниот проект „Изготвување на проектна документација вклучувајќи физибилити студија, студија за оценка на влијанието врз животната средина и идеен проект за модернизација на пругата Скопје - Кичево како централен дел од железничкиот Коридор 8“.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ги внесе двете апликации во системот на WBIF согласно предвидените рокови.

**Точка 5**

Владата ги одложи од разгледување Годишната сметка за 2016 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје и Годишниот извештај за работењето во 2016 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, со Извештај на независниот ревизор и предлог-одлуки за наредната седница на Владата.

**Точка 6**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Годишната сметка за 2017 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје и Годишниот извештај за работењето во 2017 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, со Извештај на независниот ревизор и со предлог - одлуки.

**Точка 7**

Владата ја разгледа и не ја донесе Предлог - одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје (КО Кочани), имајќи го предвид негативното Мислење на Управата за јавни приходи.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ, Скопје во врска со Барањето од Друштвото „Унимеркант – Кетеринг“ ДООЕЛ, увоз – извоз, Скопје за одобрување ослободување од плаќање закупнина и не ја усвои Информацијата, имајќи го предвид негативното Мислење од Министерството за финансии.

**Точка 9**

Владата го разгледа Барањето за користење на дополнителни средства/субвенции на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис

Трајковски“, ДООЕЛ, Скопје за 2020 година и не го усвои Барањето, имајќи го предвид негативното Мислење од Министерството за финансии.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за здравство, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на Основен суд Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата по Барањето за давање согласност за спроведување постапка за продажба на движни ствари (три патнички моторни возила), со Предлог - одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (три патнички моторни возила), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата по Барањето за донесување на одлука за престанување на времено користење на недвижни ствари и за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани без надоместок, со Предлог – одлука ја донесе Одлуката за престанок на времено користење на недвижни ствари (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата по Барањето за донесување на одлука за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за општа безбедност на производите (*), со најнов текст на Изјава за усогласеност на прописот со

законодавството на Европската Унија, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.
За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен м-р Крешник Бектеши, министер за економија, а за повереник Нериман Целадини, раководител на сектор во Министерството за економија.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија, да ја достави англиската верзија на текстот на Предлог-законот, со кореспондентите табели до Секретаријатот за европски прашања, со цел да се достави до Европската комисија, пред да се достави Предлог-законот до Собранието.

**Точка 17**

Владата го разгледа Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 18**

Владата ја донесе Уредбата за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за состојбата на откупот на грозје од реколта 2020 година, со предлог-мерки, и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да подготви мерка од Програмата за поддршка од КОВИД - 19 во висина од 4 денари по килограм за произведено и предадено винско грозје во винарски визби кои се запишани во регистарот на производители на вино што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Корисници на оваа мерка се регистрирани земјоделци во Единствен регистар на земјоделски стопанства што се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Предвидениот рок за исплата е до крајот на 2020 година.

2. Се задолжува Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да подготви мерка од Програмата за поддршка од КОВИД-19 во висина од 2 денари по килограм за произведено и предадено винско

грозје. Корисници на оваа мерка се регистрирани земјоделци во Единствениот регистар на земјоделски стопанства што се води во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Предвидениот рок за исплата е до крајот на 2020 година.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви мерка во висина од 2 денари по килограм за произведено и предадено винско грозје и се корисници на подмерката 1.10. Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.278/19). Предвиден рок за аплицирање за мерката е да биде до крајот на 2020 година. Исплатата на оваа мерка ќе биде во 2021 година според рокот за исплати во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година. Мерката е наменета за сортите на винско грозје и тоа: Смедеревка, Вранец, Бургундец Црн, Станушина, Кратошија, Жилавка, Кавадарка.

4. Се задолжува Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да подготви мерка од Програмата за поддршка од КОВИД–19 во висина од 30% за транспортни трошоци за извезено вино во шишиња. Корисници на оваа мерка се винарски визби кои се запишани во регистарот на производители на вино и други правни субјекти кои вршат извоз на вино.

5. Се задолжува Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да подготви мерка од Програмата за поддршка од Ковид – 19 во висина од 20% за транспортни трошоци за извезено наливно вино. Корисници на оваа мерка се винарски визби кои се запишани во регистарот на производители на вино и други правни субјекти кои вршат извоз на вино.

6. Се задолжува Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да подготви мерка од Програмата за поддршка од КОВИД–19 мерките за извезено винско грозје и тоа:
- за количини до 12 милиони килограми поддршката ќе изнесува 2 денари по килограм;
- за количини од 12 до 25 милиони килограми поддршката ќе изнесува 3 денари по килограм;

- за количини над 25 милиони килограми поддршката ќе изнесува 4 денари по килограм.

Корисници на оваа мерка се откупувачи запишани во регистарот на откупувачи на земјоделски производи (винско грозје) што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. За реализација на оваа мерка корисниците треба да ги исполнуваат условите за извоз на земјоделски производи.

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии при подготовката на измената и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година кај буџетски корисник на Владата на Република Северна Македонија, да предвиди средства во износ од 50.000.000,00 денари во Програмата П1 – мерки за справување со Ковид-19 кризата, за лозарите.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени постапки за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовни зони, со предлог – одлуки, не ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Не ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Шпиље“, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за финансии.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Долно Соње, Општина Сопиште, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Долно Соње вон град, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Д3-спорт и рекреација, КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 23**

Владата по Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Таор, Општина Зелениково, со Предлог – одлука, не ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Таор,

Општина Зелениково, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Морани, општина Студеничани, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Морани, општина Студеничани, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с.Псача - Дикина маала - Радуев рид, КО Псача и КО Петралица, Општина Ранковце, со Предлог-одлука (најнов текст), поради потребата од усогласување со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Десеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, што ќе се одржи на 8 октомври 2020 година преку видеоконференциска врска и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се определува Билјана Николовска-Жагар од Министерството за информатичко општество и администрација за ко-претседавач на Специјалната група за реформа на јавната администрација.

2. Се задолжува Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да достави пишан материјал за статусот на имплементација на процесот на вработување и примената на принципот на правична застапеност и мерките за планирање на вработувањата и постапката за вработување на англиски јазик до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 24.9.2020 година.

3. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерство за финансии, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и им се укажува на Агенцијата за администрација, Државната комисија за спречување на корупцијата и Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер да номинираат учесници за состанокот до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 25.9.2020 година.

4. Се задолжува ко-претседавачот на Специјалната група за реформа на јавната администрација во координација со Секретаријатот за европски прашања да го

определат составот на делегацијата врз основа на номинациите добиени од институциите, најдоцна до 28.9.2020 година.

5. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го достави пишаниот позадински материјал на англиски јазик до Европската комисија, веднаш по усвојувањето од Владата.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на 17-от состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 6 октомври 2020 година, со прилози и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се назначува м-р Андрија Алексоски од Министерството за финансии за ко-претседавач на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, на англиски јазик да ги достави до службите на Европската комисија веднаш по усвојувањето од страна на Владата.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања во периодот април-јуни 2020 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги, Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика, а им се укажува на центрите за социјална работа, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на април, мај и јуни 2020 година, по кои сѐ уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да праќаат известување до Народниот правобранител и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител за јули, август и септември 2020 година, да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до 5 октомври 2020 година, заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител.

## Точка 29

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за исплата на пензии за септември 2020 година, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 25.9.2020 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите со септемвриските пензии да може да располагаат преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 28.9.2020 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- Во понеделник, на 28.9.2020 година исплата на пензии со висина до 11.000 денари;

- Во вторник, на 29.9.2020 година исплата на пензии во висина од 11.001 денари до 14.000 денари;

- Во среда, на 30.9.2020 година исплата на пензии во висина од 14.001 денари до 18.000 денари;

- Во четврток, на 1.10.2020 година исплата на пензии во висина над 18.000 денари.

## Точка 31

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за исплата на парични права од социјална заштита, за септември 2020 година, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги достави податоците за корисниците на парични права од социјална заштита до деловните банки најдоцна до 2.10.2020 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат достапност на средствата за паричните права од социјална заштита за месец септември преку банкомати и во трговските мрежи од 5.10.2020 година.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план со дефинирани активности и рокови за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерство за труд и социјална политика сметка на основен буџет (637), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика на секои три месеци до Владата да доставува информација за прогресот на реализација на Акцискиот план.

## Точка 33

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2019 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 13 став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.220/19) извештајот за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за претходната година проследен со финансиско - сметководствени извештаи изработени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, Управниот одбор на Агенцијата ги усвојува најдоцна до 25 февруари секоја година, а според став (5) од овој член извештајот од независен ревизор се доставува до Управниот одбор на Агенцијата најдоцна до 1 јуни секоја година.

Според ставот (6) од истиот член, извештајот за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за претходната година, Управниот одбор на Агенцијата го доставува на усвојување до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 30 јуни заедно со извештајот од независен ревизор.

Согласно наведеното во Извештајот за остварениот финансиски резултат на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2019 година, дел 1.2 Биланс на успехот (Извештај за добивка или загуба), во периодот од 1.1.2019 година заклучно со 31.12.2019 година Агенцијата за цивилно воздухопловство - АЦВ Скопје, остварила вкупни приходи во износ од 191.770.396,00 денари и вкупни расходи во износ од 173.771.759,00 денари и финансиски резултат (добивка пред оданочување), во износ од 17.998.637,00 денари.

Понатаму, согласно Извештајот на независниот ревизор, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската

состојба на Агенцијата за цивилно воздухопловство на 31 декември 2019 година, како и финансискиот резултат, извештај за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФ) објавени во Република Северна Македонија.

Исто така, Агенцијата во својата евиденција има запишано основна главнина во износ од 72.355 илјади денари, додека во тековната состојба од 11.5.2020 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, сопственик е Собранието на Република Северна Македонија. Потребно е да се усогласи главнината со тековната состојба на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Врз основа на претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на доставениот материјал, со укажување дека е потребно Агенцијата за цивилно воздухопловство да извести за активностите кои се преземаат од страна на надлежните органи за постапување по дадените забелешки од страна на независниот ревизор.

## Точка 34

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1 јануари до 30 јуни 2020 година и дава позитивно мислење по истиот.

## Точка 35

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2019 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 36 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги најдоцна до 30 април во тековната година, до Собранието на Република Северна Македонија доставува Годишен извештај за својата работа во претходната година. Годишниот извештај содржи информации за активностите во врска со остварување на законските надлежности и за материјално финансиското работење. Годишниот извештај се доставува до Владата и до Министерството за економија заради нивно информирање.

Согласно член 35, став 1, од Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку:

- наплата на надоместок за издавање на лиценци за вршење на енергетски дејности, односно упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергија и природен гас кои можат да вршат дејност во Република Северна Македонија,
- надоместоци од постапката за утврдување на тарифи за водни услуги, односно регулаторна тарифа за водни услуги,

- наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност, преку наплата на надоместок за издавање на лиценци, како и преку наплата на надоместок од годишниот приход на давателите на водни услуги, односно регулирана тарифа за водни услуги.

Надоместокот од вкупниот годишен приход од носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност и од годишниот приход на давателите на водни услуги изнесува 0,0468 %. Согласно Законот за енергетика, истиот се утврдува со Одлука на Собранието на Република Северна Македонија и не може да биде повисок од 0,1 %. Вкупните наплатени приходи во 2019 година изнесуваат 77.995.439 денари, додека вкупните расходи изнесуваат 63.837.750 денари и се за 23,13 % помали во споредба со планот. Како што е наведено во Извештајот ова намалување е поради нереализирање на дел од планираните активности во текот на 2019 година од објективни причини. Во структурата на вкупните расходи има зголемување во делот на транспортни услуги, репрезентација, наемнини, дневници за службено патување во земјата и во странство и друго, при што е дадено соодветно образложение за причините за таквите отстапувања.

Во текот на 2019 година, вишокот на приходи изнесува 14.157.689 денари, а акумулираниот износ од претходните години изнесува 72.376.788 денари, средства планирани за купување на деловен простор. Согласно член 35, став 7, од Законот за енергетика, ако во една календарска година остварените приходи на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги се поголеми од реализираните расходи, разликата се пренесува на користење во следната година и за истиот износ се намалуваат планираните приходи во финансискиот план за следната година. Оваа законска одредба треба да се има предвид при подготовката на финансискиот план за следната календарска година.

Потребно е да се направи техничка корекција во наративниот дел на приходите (10.1.1), кој не кореспондира со Табеларниот преглед на остварените приходи од работењето .

Со Извештајот се опфатени сите области кои ги покрива Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, а кои произлегуваат од Законот за енергетика и од Законот за утврдување на цени на водни услуги и подзаконските акти.

Во Извештајот, делот за електрична енергија во 2019 година ги одразува промените, од аспект на усогласување со законодавството на Енергетската заедница и тоа почнувајќи од 1 јануари 2019 година сите потрошувачи на електрична енергија, вклучувајќи ги и домаќинствата, се стекнаа со правото да изберат свој снабдувач со електрична енергија и меѓусебно да ги договорат условите и цените под кои ќе се врши снабдувањето со електрична енергија.

Почнувајќи од 1 јули 2019 година, цената за производство на електрична енергија на најголемиот производител на електрична енергија, АД „Електрани на Северна Македонија“, веќе не се утврдува од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, со што се овозможува целосно отворање на пазарот на електрична енергија на големо.

На пазарот на електрична енергија, во согласност со Законот за енергетика, два нови субјекта и тоа „ЕВН ХОМЕ“ ДОО Скопје имаат обврски за обезбедување на снабдување со електрична енергија, како универзална услуга и за снабдување со електрична енергија во краен случај и „МЕМО“ ДООЕЛ Скопје за вршење на дејноста организирање и управување со пазарот на електрична енергија.

Во 2019 година извршена е успешна сертификација на операторот на електропреносниот систем, АД „МЕПСО“ Скопје, врз основа на моделот на сопственичко раздвојување утврден во Законот за енергетика.

Во 2019 година има тренд на пораст на пренесени количества природен гас во износ од 295 милиони nm3, пред сè благодарение на когенеративните постројки и топланите што работат на природен гас.

Во 2019 година исто така има и позитивен тренд на раст на бројот на приклучени потрошувачи кон системот за топлинска енергија, со што бројот на потрошувачи е зголемен за повеќе од 4 %. Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги донесе нови Правила за снабдување со топлинска енергија во кои, помеѓу другото, се пропишаа измени во однос на правата и обврските на сопствениците на посебен дел од објектот каде што распределбата на надоместокот се врши преку еден мерен уред.

Што се однесува до меѓународните активности, според Годишниот извештај за имплементација за 2019 година на Секретаријатот на енергетската заедница, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е лидер во реформите во енергетскиот сектор во однос на останатите земји членки на Енергетската заедница. Воедно, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, како дел од преземените обврски со Берлинскиот процес за земјите од Западен Балкан, во текот на 2019 година, до Агенцијата за соработка на енергетски регулатори достави апликација на што Секретаријатот на Енергетската заедница, согласно процедурите достави позитивна оценка, проследена со анализа во однос на усогласеноста на законската и подзаконската регулатива со законодавството на Европската Унија во однос на внатрешниот пазар на електрична енергија и природен гас, независноста и постапувањето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

## Точка 36

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2020 година, Извештајот за реализирани активности за 2019 година и Финансискиот извештај за 2019 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 374, став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата до Собранието на Република Северна Македонија доставува Финансиски извештај и Извештај за реализираните активности од Годишната програма за работа.

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата не ги почитува одредбите од Законот за употреба на јазиците, односно веб – страницата е само на македонски и на англиски јазик, но не и на јазикот што го зборуваат 20% од населението во Република Северна Македонија.

Согласно ова, се укажува на потребата за почитување на Законот за употреба на јазиците во сите активности кои ги презема Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Во однос на Извештајот за финансиското работење за текот на минатата година остварени се вкупно приходи во износ од 26.068.574 денари и вкупни расходи од 27.588.399 денари, односно остварена е загуба од 1.519.825 денари. Во доставениот извештај не е дадено соодветно образложение за причините на таквиот финансиски резултат. Укажувањето е овој финансиски извештај да биде дополнет во насока да се даде споредбен приказ на планираните и остварените приходи и расходи во 2019 година, споредба на остварените приходи и расходи во 2019 година со оние од 2018 година, како и приложување на соодветно образложение за разликите и отстапувањата.

Исто така, Годишната програма за работа за 2020 да се дополни со соодветен Финансиски план, а активностите да се димензионираат, согласно реалните можности за нивно финансирање.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Иницијативата од Благој К. Јованов адвокат од Кочани, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.43/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 22-б и 27-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр.68/2004, 23/2006, 127/2006, 64/2008, 114/2009, 50/2010, 83/2010, 140/2010, 152/2010, 17/2014, 112/2014, 166/2014, 20/2015, 44/2015, 97/2015, 124/2015, 129/2015, 193/2015, 37/2016, 71/2016, 64/2018, 140/2018, 163/2018 и 275/2019) и по Иницијативата утврди мислење врз основа на мислењата на Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Иницијативата од Тања Каракамишева од Скопје и група професори, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.162/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2019) и притоа го утврди следното мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија, Иницијатива за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците поднесе Тања Каракамишева од Скопје и група професори, со која Иницијатива се оспорува уставноста на Законот за употреба на јазиците во целина.

Имено, подносителот во Иницијативата изнесува наводи со кои бара Уставен суд да донесе решение за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците и по спроведената постапка врз основа на начелата на приоритет и итност до донесување на конечната одлука Уставниот суд да донесе решение за времена мерка со запирање од извршување на поединечните акти и дејствија преземени врз основа на оспорениот закон, поради ризик од штетните последици појавени како резултат на неговата примена по правата и слободите на граѓаните, како и Уставниот суд да донесе одлука за поништување на Законот за употреба на јазиците во целина.

Подносителот на Иницијативата истакнува дека причините за оспорување на Законот за употреба на јазиците, како и барањето за поништување на законот во целина се од формално-правен и материјално-правен карактер.

Истиот истакнува дека причини од формално - правен карактер што го нарушуваат принципот на законитост на постапката за донесување на законот и што доведуваат до ништовност на Законот за употреба на јазиците се тоа што Законот за употреба на јазиците излегува надвор од член 7 (Амандман V) од Уставот, односно Законот нема уставна основа за започнување на постапка за неговото донесување.
Во дополнение на формално правните причини, подносителот на иницијативата истакнува дека содржината на законот е спротивна на член 7 (Амандман V) од Уставот,
Исто така, подносителот истакнува дека Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците бр.08-263/1 од 14.3.2018 година („Службен весник на Република Македонија бр.7/19), заедно со текстот на оспорениот закон е објавен во („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) на неуставен начин, укажувајќи на фактот дека при објавување на Указот за прогласување на Законот направен е преседан на местото каде што според Уставот треба да биде потпишан претседателот на Републиката е ставена фуснота со натамошно објаснување на формално-правните причини и уставните прекршувања што наводно произлегле поради непотпишување на Указот од страна на Претседателот на Републиката.

Како причини од материјално – правен карактер со кои се нарушила материјалната уставност, а кои доведуваат до ништовност на Законот за употреба на јазиците, подносителот на иницијативата наведува дека целиот Закон за употреба на јазиците е во спротивност со член 7 од Уставот (Амандман V).
Понатаму, подносителот како дел од материјално-правните причини наведува дека постојат правни недоследности меѓу Законот за употреба на македонскиот јазик и оспорениот Закон за употреба на јазиците, така што во член 1 став 1 од Законот за употреба на јазиците законодавецот го презел поточно го препишал член 7 (Амандман V) став 1 од Уставот, но во истиот не упатил на Законот за употреба на македонскиот јазик како посебен закон - lex specialis.
Исто така, подносителот укажува на материјално - правните причини како што е неусогласеноста на законот со Уставот во делот на употреба на друг јазик различен од македонскиот јазик.

Во дополнение на материјално правните причини се наведува дека постои неуставно проширен опсег на примената на албанскиот јазик како втор службен

јазик на цела територија на државата, кој факт се утврдува во член 1 став 3 од Законот за употреба на јазиците, така што во ставот 3 се уредува дека во "сите органи на државната власт во Република Македонија, централни институции, јавни претпријатија, агенции, дирекции, установи и организации, комисии, правни лица кои вршат јавни овластувања согласно закон и други институции, службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото писмо е и јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните на Република Македонија и неговото писмо, на начин определен со Законот за употреба на јазиците", како и дека за разлика од наведениот член во член 7 (Амандман V) став 5 е уредено дека "во органите на државната власт во Република Македонија службен јазик различен од македонскиот јазик може да се користи во согласност со закон".

Подносителот на Иницијативата исто така истакнува наводи на неуставност и кон член 2 став 3 од оспорениот закон поради фактот што истиот не е во согласност со член 7 (Амандман V) став 5 од Уставот, со кој не е уредено дека во државните органи службен јазик е и јазикот што го зборуваат 20% граѓани, туку дека "во органите на државната власт, службен јазик различен од македонскиот, може да се користи во согласност со закон" и во духот на Рамковниот договор "пратениците може да се обраќаат на пленарните седници и на работните тела во Собранието и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија", каде со наведениот став се брише разликата на статусот на јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните и статусот на македонскиот јазик, како единствен службен јазик на целата територија и во меѓународните односи член 7 (Амандман V) став 1 од Уставот.

Во дополнение на поднесената Иницијатива подносителот истакнува наводи и на други уставни неконзистентности на Законот за употреба на јазиците, поточно го оспорува член 4 став 3 и став 5; член 6 став 1 и став 2; член 7 став 1, став 2, став 3, став 4, став 5 и став 6; член 8 став 1, став 2 и став 3; член 9 ставовите од 1 до 8 со кои од оспорениот закон во судските, управните, кривичните, прекршочните постапки, парничните и вонпарничните постапки, во постапката за извршување на санкции и во другите постапки пред судовите, јавните обвинителства, како и во сите други органи, тела и институции, граѓаните имаат право да употребуваат кој било од наведените службени јазици од член 1 став 1 и став 2 од Законот за употреба на јазиците; оспорен е и членот 10 став 1 и 2; член 12 став 1,2 и 3; член 15; член 16 став 2; член 17; член 18 од оспорениот закон со кој се промовира дискриминација е во спротивност на член 9 од Уставот; член 20 од оспорениот закон кој е дискриминаторен; член 21; член 22 став 1 и 2, член 23 став 1, член 24, како и се оспорува член 25 и истиот е во спротивност на член 52 став 3 од Уставот о кој е уредено "законите влегуваат во сила најрано осмиот ден по денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето".

Во член 1 од Законот за употреба на јазиците е пропишано дека на целата територија во Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните (албански јазик), исто така, е службен јазик и неговото писмо, согласно овој закон. Во сите органи на државната власт во Република Македонија, централни институции, јавни претпријатија, агенции, дирекции, установи и организации, комисии, правни лица кои вршат јавни овластувања

согласно закон и други институции, службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото писмо е и јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните на Република Македонија и неговото писмо, на начин определен со овој закон. Во единиците на локалната самоуправа јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните е службен јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. За употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во единиците на локалната самоуправа, одлучуваат органите на единиците на локалната самоуправа.

Во член 2 од наведениот закон е пропишано дека граѓаните имаат право да употребуваат било кој од наведените службени јазици и нивните писма од член 1 став (1) и (2) од овој закон, а институциите од член 1 став (3) од овој закон како и другите институции имаат обврска да им овозможат на граѓаните користење, употреба и примена на тие службени јазици и нивните писма во било која постапка како и спроведување на тие постапки на тој службен јазик и писмо. Во согласност со правото на граѓаните да употребуваат било кој од наведените службени јазици од член 1 став (1) и (2) од овој закон во судските, управните, извршните постапки, предистражните и истражните постапки, кривични и прекршочни постапки, парнични и вонпарнични постапки, постапка за извршување на санкции, како и другите постапки предвидени со други закони. Судовите, јавните обвинителства, како и сите други органи, тела и други институции се обврзани да овозможат користење, употреба и примена на било кој од службените јазици од членот 1 став (1) и (2) и нивните писма во тие и други постапки. Во институциите од член 1 став (3) од овој закон на државната власт во Република Македонија службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото писмо е и јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија и неговото писмо во: комуникацијата, употребата и примената во сите постапки на граѓаните пред сите органи кои што ја сочинуваат државната власт (Собрание на Република Македонија, претседател на Република Македонија, Влада на Република Македонија, судство, јавно обвинителство), Уставен суд на Република Македонија, Народен правобранител на Република Македонија, во изборниот процес, образованието, науката, здравството, културата, при примената на полициските овластувања, во радиодифузната дејност, нотаријатот, извршувањето, инфраструктурните објекти, матичната евиденција, личните документи, финансиите, економијата, како и во други области.

Согласно член 51 од Уставот на Република Северна Македонија „Законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.“

Според член 75 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија „Указот за прогласување на законите го потпишува Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието“. Според истиот член Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на Законот. Собранието повторно го разгледува Законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, Претседателот на Републиката е должен да го потпише указот. Според член 79 став 3, Претседателот на Републиката своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите. Дополнително, според член 87, Претседателот на Републиката е одговорен за кршење на Уставот и законите во вршењето на своите права и должности.

Во согласност со Амандман X став 2 од Уставот на Република Македонија, „за закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците."

Според Амандман V став 1 од Уставот на Република Македонија, „На целата територија во Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, исто така, е службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член. Личните документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се издаваат на македонски јазик и неговото писмо, како и на тој јазик и неговото писмо во согласност со закон.".

Исто така, според Амандман V „Во органите на државната власт во Република Македонија службен јазик различен од македонскиот јазик, може да се користи во согласност со закон." Во дополнение, според Амандманот „Во органите на државната власт во Република Македонија службен јазик различен од македонскиот јазик, може да се користи во согласност со закон.".

Согласно наведеното, Собранието ја запазило целосно процедурата за донесување на оспорениот закон и во повторна постапка го усвоило со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници. Фактот што Претседателот на државата бил должен да го потпише указот, но истиот повторно одбил да ја изврши својата уставна должност може да биде предмет на друга постапка. Уставот не дозволува право на Претседателот на државата за суспензивно дејство над примената на законите донесени во легална правна процедура.

Земајќи го предвид горенаведеното, неоснован е наводот во Иницијативата дека оспорениот закон е донесен во незаконита постапка спротивно на одредбите од Уставот на Република Северна Македонија. Согласно горенаведените факти, се укажува дека Собранието на Република Македонија целосно ја запазило процедурата за донесување на Законот за јазиците.

Од тие причини Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците.

<u>Точка 39</u>

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.209/2020 од 8.7.2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уредбата со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба, 44-5217/1 од 9 јуни 2020 година („Службен

весник на Република Северна Македонија“ бр.154/2020) и притоа го утврди следново мислење:

Имајки предвид дека Уставниот суд на Република Северна Македонија со предметното Решение У. Бр. 209/2020 од 08.7.2020 година, не повел постапка за оценка на уставноста на Уредбата со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба, број 44-2813/1 од 3.4.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 90/20), а во однос на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба број 44-5217/1 од 9.6.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 154/20) е поведена постапка за оценување на уставноста, се разгледаа наводите истакнати како причини за поведување на постапка за оценување на уставноста, и се констатира дека Уставниот суд на Република Северна Македонија укажува на делот од одредби со кои се предвидува примена на предметната уредба до 31.12.2020 година, при што за Судот се поставиле прашањата дали ваквата регулатива е пропорционална и го оправдува јавниот интерес во едно демократско општество, односно дали е неопходно да се регулираат права и обврски од законската материја во надлежност на законодавната власт, како и причината за предвидување на таква одредба е постоењето на заразна болест.

Имено, со материјалните одредби од член 2-а од Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба број 44-5217/1 од 9.6.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 154/20), се врши прецизирање односно се укажува на „Градежното земјиште предвидено со урбанистички план или урбанистичко - планска документација за плажа, кое било предмет на краткотраен закуп, а временскиот рок за краткотраен закуп е истечен или Договорот за краткотраен закуп е предвремено раскинат“, наспроти градежното земјиште предвидено со урбанистички план или урбанистичко - планска документација за плажа за кое има воспоставено право на краткотраен закуп и сеуште тече временскиот рок. При што, од причина што согласно материјалните одредби од член 1 став (1) од Уредбата со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба, број 44-2813/1 од 3.4.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 90/20), е предвидено дека „Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено“, а во Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) како lex specialis не се предвидени одредби за преземање на постапки во случај на воспоставена вонредна состојба или епидемија за градежното земјиште предвидено со урбанистички план или урбанистичко планска документација за плажа, за кое временскиот рок за краткотраен закуп е истечен или договорот за краткотраен закуп е предвремено раскинат, донесувањето на предметната Уредба е со цел спречување на ширење на заразната болест (Коронавирус Covid 19) преку вршење на дејност од страна на поранешни закупци во објекти кои не се отстранети, а се наоѓаат на градежно земјиште сопственост на

Република Северна Македонија на кое поранешните закупци по истекот на временскиот рок или предвремено раскинување на договорите, не поседуваат право на краткотраен закуп.

Исто така од причина што воспоставената вонредна состојба навлегува во временски период на отпочнатата туристичка сезона која подразбира користење на плажи, а преземањето на процесни дејства од страна на општините кои располагаат со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија предвидено за плажи во поглед на отстранување на објекти подразбира подолг временски период, во кој период поранешните закупци би вршеле дејност без воспоставено право на краткотраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, а со тоа би допринеле за ширење на заразната болест (Коронавирус Covid 19), како и од причина што било земено во предвид дека епидемијата со заразната болест (Коронавирус Covid 19) нема да заврши по завршување на вонредната состојба, а туристичката сезона била на сам почеток и истата би можела да трае и по завршувањето на вонредната состојба, со предметната Уредба се извршило дополнување на претходната Уредба на тој начин што се предвидело враќање во правобитна состојба на градежното земјиште предвидено за плажа и забрана за понатамошно вршење на дејност од страна на поранешните закупци, а во случај на евентуално вршење на дејност се предвидел надзор кој ке се врши од страна на Државниот пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи (како надлежни државни органи кои што можат да изрекуваат мерки за забрана за вршење на дејност), како и одредба за примена на предметната Уредба до 31.12.2020 година, со цел избегнување на настанување на нерегулиран период во делот на располагањето со градежното земјиште предвидено со урбанистички план или урбанистичко планска документација за плажа, во кој временски период би можело да се допринесе за ширење на заразната болет (Коронавирус Covid 19) преку несоодветно користење на градежното земјиште за кое временскиот рок за краткотраен закуп е истечен или договорот за краткотраен закуп е предвремено раскинат.

<u>Точка 40</u>

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на член 39 од Статутот на Интернационалниот универзитет „Еуропа Прима“ и притоа го утврди следното мислење:

Текстот на Статутарната одлука треба да се доуреди од номотехнички аспект.

Имено, во основот за донесување на Статутарната одлука треба да се наведе: „член 94 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18).

Текстот на Статутот треба да гласи:
„Член 1

Во член 39 став 1 од Статутот на Интернационален универзитет ЕУРОПА ПРИМА - Скопје бр.____________, алинеја 4 се менува и гласи: „Институт за аудиовизуелни студии и дигитална заштита.“.
Член 2 и 3 треба да изостанат.
Член 4 станува член 2.

## Точка 41

Владата ја разгледа Понудата од нотар Виолета Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.649 за КО Горно Оризари на КП бр.855 дел 1 викано место/улица Село и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 42

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.57354 за КО Ресен на КП бр.4571 дел 2 викано место/улица Д .Влахов и Имотен лист бр.56926 на КП бр.4571 дел 2 викано место/улица Д. Влахов и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 43

Владата го разгледа Заклучокот за усна јавна продажба доставен под И. бр.6427/2019, која ќе се одржи на 23 септември 2020 година, за КО Долно Лисиче – вонград и по Заклучокот ги усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 44

**1.** Владата ја именува м-р Магдалена Несторовска за државен секретар во Министерството за внатрешни работи и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата и зголемување за 20% на платата.

**2.** Владата донесе Одлука за формирање Комисија за стратешки инвестициони проекти.

2.1. Владата донесе Решение за именување на постојани членови на Комисијата за стратешки инвестициони проекти, со кое за членови на Комисијата се именуваат:

-Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија ,
-м-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции,
- д-р Фатмир Бесими, министер за финансии,
- Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање,

- Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- м-р Крешник Бектеши, министер за економија,
- Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и
- д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 45**

**1.** Владата по повод укажувањето на Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, заклучи Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“ бр.44-3106/14 и Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“ бр.44-3106/18, објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/2020 да престанат да важат.

За ова, Владата ги донесе:

- Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“ и
- Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“.

**2.** Владата по повод укажувањето на м-р Крешник Бектеши, министер за економија заклучи:

- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Министерството за култура, Министерството за правда, Државниот завод за индустриска сопственост, Управата за заштита на културното наследство, Управата за јавни приходи, а се укажува на Агенцијата за лекови и медицински средства, Институтот за сметководители и овластени сметководители, Централен регистар, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување да пристапат кон разгледување на услугите кои имаат карактер на парафискални давачки во својата надлежност, а кои се мапирани во Експлоративната анализа на парафискални давачки за малите и средни претпријатија во Република Северна Македонија од следниве аспекти: оправданоста од намалување или укинување на давачките, вклучително и конкретни предлози за намалување или укинување на определени давачки, можноста за градација во цената на определени давачки според

големината на претпријатието, староста на претпријатието и локацијата, можноста и техничката подготвеност за обезбедување на документи по службена должност, како и можноста и техничката подготвеност за дигитализација на услугата и за преземените активности во рок од три дена да го информираат Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

**3.** Членовите на Владата се информираа со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија.

**4.** По повод информирањето на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Владата заклучи:

1) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од седум дена до Министерството за финансии да достави извештај со статус на реализација на трите сета економски мерки на Владата за справување со кризата од COVID 19, со податоци за планиран износ на средства, реализиран износ на средства и постигнати резултати, како и по категории, во зависност од самата мерка, со цел повлекување на првата транша од буџетската поддршка во износ од 32 милиони евра грант средства, во рамки на Договорот за акција „ЕУ за социјална и економска отпорност (EU for Social and Economic Resilience) од ИПА 2020.

2) Се задолжуваат сите институции кои спроведуваат COVID 19 економски мерки од трите сета, во рок од два дена да достават до Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија информации за планиран и реализиран износ на средства и постигнати резултати по категории, во зависност од самата мерка.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија редовно да го објавува извештајот на интернет страницата на Владата Република Северна Македонија за таа намена, на месечна и квартална основа, седум дена по завршување на месецот и кварталот.

Истовремено, Владата заклучи да се имаат предвид преземените обврски во програмирањето на Договорот за поддршка од ЕУ за социјална и економска отпорност.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 14 септември 2020 до 20 септември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата ги задолжи сите министерства, да подготват и до 25 септември 2020 година (петок) до Владата да достават преглед со приоритетни предлог – закони од ресорот на нивната надлежност кои Владата треба да ги утврди, а Собранието на Република Северна Македонија да ги донесе до крајот на 2020 година.

**7.** Владата:

1) Формира работна група за подготовка на измени на Законот за финансиска поддршка на инвестиции со претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, Министерството за финансии, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, кои најдоцна до 25 септември 2020 година (петок) до Министерството за економија да достават членови за истата.

2) Ги задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија најдоцна до 25 септември 2020 година (петок) до Министерството за економија да достават членови за докомплетирање на Комисијата за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции.

- Министерството за економија да подготви и до Владата да достави Решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции.

## Точка 46

Владата го разгледа усогласениот Акциски план на активности со рокови и носители за имплементација на препораките по Конечен ревизорски извештај на Државниот завод за ревизија за 2018 година на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, како материјал за информирање.

## Точка 47

Владата го разгледа усогласениот Годишен извештај за спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 48

Владата го разгледа новиот текст на Предлог – законот за дополнување на Законот за студентскиот стандард, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определена Мила Царовска, министер за образование и наука, а за повереник Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука.

**Точка 49**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог – законот за дополнување на Законот за ученичкиот стандард, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определена Мила Царовска, министер за образование и наука, а за повереник Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука.

**Точка 50**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување новиот текст на Предлог - законот за изменување на Законот за научно-истражувачка дејност.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надоместок на органи на државната управа во сопственост на Република Северна Македонија, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари без надоместок на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија кои се во сопственост на Република Северна Македонија,

2. Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари без надоместок на Министерството за животна средина и просторно планирање кои се во сопственост на Република Северна Македонија,

3. Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари без надоместок на Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање кои се во сопственост на Република Северна Македонија и

4. Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари без надоместок на Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција кои се во сопственост на Република Северна Македонија, кои претходно редакциски да се усогласат со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Државниот инспекторат за животна средина во сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Државниот инспекторат за животна средина, која претходно редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за издавање Егзекватура на Генерален конзул на Република Косово во Република Северна Македонија со седиште во Струга, ја усвои Информацијата и ја издаде Егзекватурата на Агим Красниќи, Генерален конзул на Република Косово во Република Северна Македонија, со седиште во Струга со конзуларна зона на надлежност која ги опфаќа општините Струга, Охрид, Кичево, Крушево, Битола, Прилеп и Дебар, во предложениот текст.

## Точка 55

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство за период од 2.9.2020 година до  14.9.2020 година, го усвои Извештајот, го прифати предлогот на Комисијата и заклучи, на:

1. Училишта за деца со посебни образовни потреби
1.1 ПОУ „Д-р Златан Сремец“ – Скопје;

1.2 ПОУ „Иднина“ – Скопје;

1.3 Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор, глас и други проблеми во развојот „Кочо Рацин“ – Битола;

1.4 Државно училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ – Кисела Вода – за основно образование;

1.5 ПОУ „Маца Овчарова“, Велес;

1.6 Завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско“, Струмица

Се дава согласност за организирање настава со физичко присуство во наведените училишта (точка 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5 и 1.6) за ученици со посебни образовни потреби.

Поради актуелната епидемиолошка состојба и постоењето на ризик кај оваа вулнерабилна категорија на деца, наставата да се реализира со мал број на деца во различни смени со целосно почитување на епидемиолошките мерки во протоколите дадени од нивна страна и протоколот за настава со физичко присуство, а училиштата кои имаат интернатско сместување да ги опфатат само своите ученици со максимално сместување до 2 деца во соба.

Приватни училишта

2. Приватно средно училиште „Јахја Кемал“ - Скопје (за експериментална настава–основно образование) - не се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто до деветто одделение во Скопје, Тетово и Струга од причина што вкупниот број на деца од епидемиолошки аспект е значајно поголема во однос на децата од прво до трето одделение со што се мултиплицира ризикот. Дополнително, во регионите во кои се наоѓаат училиштата, епидемиолошката состојба со КОВИД-19 е неповолна за да се дозволи настава со физичко присуство за сите ученици;

3. Францускoто интернационално училиште „Ефис“ од Скопје- се дава согласност за организирање настава со физичко присуство за сите ученици.

4. Приватно средно училиште MAARIF INTERNATIONAL SCHOOLS с. Долно Седларце, Општина Брвеница - не се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто до деветто одделение од причина што вкупниот број на деца од епидемиолошки аспект е значајно поголема во однос на децата од прво до трето одделение со што се мултиплицира ризикот. Дополнително, во регионот, епидемиолошката состојба со КОВИД-19 е неповолна за да се дозволи настава со физичко присуство за сите ученици.

Општина Вевчани

5. ООУ „Страшо Пинџур“ Вевчани- не се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто до деветто одделение од причина што вкупниот број на деца од епидемиолошки аспект е значајно поголема во однос на децата од прво до трето одделение со што се мултиплицира ризикот како и неповолната епидемиолошка состојба со КОВИД-19 во регионот;

Општина Зрновци

6. ООУ „Синиша Стоилов“ Зрновци - не се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто до деветто одделение од причина што вкупниот број на деца од епидемиолошки аспект е значајно поголема во однос на децата од прво до трето одделение со што се мултиплицира ризикот како и неповолната епидемиолошка состојба со КОВИД-19 во регионот;

6.1 ПУ Мородвис - се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение;

Општина Берово

7. ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ Берово - не се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто до деветто одделение од причина што вкупниот број на деца од епидемиолошки аспект е значајно поголема во однос на децата од прво до трето одделение со што се мултиплицира ризикот како и неповолната епидемиолошка состојба со КОВИД-19 во регионот;

7.1 ПУ с. Двориште - не се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто до деветто одделение од причина што вкупниот број на деца од епидемиолошки аспект е значајно поголема во однос на децата од прво до трето одделение со што се мултиплицира ризикот како и неповолната епидемиолошка состојба со КОВИД-19 во регионот;

7.2.ПУ с. Будинарци - се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение;

7.3. ПУ с. Митрашинци - се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение;

7.4. ПУ с. Ратево - се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение

7.5. ПУ с. Смојмирово - се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение

7.6. ПУ с. Владимирово –се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение;

8. ООУ „Никола Петров - Русински“ с. Русиново - не се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто до деветто одделение причина што вкупниот број на деца од епидемиолошки аспект е значајно поголема во однос на децата од прво до трето одделение со што се мултиплицира ризикот како и неповолната епидемиолошка состојба со КОВИД-19 во регионот;

Општина Валандово

9. ООУ „Јосип Броз Тито“ - не се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто до деветто одделение од причина што вкупниот број на деца од епидемиолошки аспект е значајно поголема во однос на децата од прво до трето одделение со што се мултиплицира ризикот како и неповолната епидемиолошка состојба со КОВИД-19 во регионот;

9.1. ПУ с. Чалакли – се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение во различни смени со учениците од прво до трето одделение;

9.2. ПУ с. Пирава - не се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто до деветто одделение од причина што вкупниот

број на деца од епидемиолошки аспект е значајно поголема во однос на децата од прво до трето одделение со што се мултиплицира ризикот како и неповолната епидемиолошка состојба со КОВИД-19 во регионот;

9.3. ПУ с. Дедели - се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение;

9.4. ПУ с. Казан Дол - се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение во различни смени со учениците од прво до трето одделение;

9.5. ПУ с. Башибос – се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение;

9.6. ПУ. с. Брајковци – се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение во различни смени со учениците од прво до трето одделение;

10. ООУ „Страшо Пинџур“ с. Јосифово - не се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто до деветто одделение причина што вкупниот број на деца од епидемиолошки аспект е значајно поголема во однос на децата од прво до трето одделение со што се мултиплицира ризикот како и неповолната епидемиолошка состојба со КОВИД-19 во регионот;

10.1. ПУ с.Грчиште – се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение;

10.2. ПУ с. Калково – се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение во различни смени во групи по возраст (учениците од прв период во една смена, учениците од втор период во втора смена)

10.3. ПУ с. Марвинци – се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение во различни смени во групи по возраст (учениците од прв период во една смена, учениците од втор период во втора смена)

10.4. ПУ с. Удово – се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение во различни смени во групи по возраст (учениците од прв период во една смена, учениците од втор период во втора смена).

Општина Василево

11. ООУ „Атанас Нивичански“ с. Нова Маала - не се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто до деветто одделение од причина што вкупниот број на деца од епидемиолошки аспект е значајно поголема во однос на децата од прво до трето одделение со што се

мултиплицира ризикот како и неповолната епидемиолошка состојба со КОВИД-19 во регионот;

11.1. ПУ с. Доброшинци – се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од четврто и петто одделение во две смени;

